РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: 02.10.2008 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 6486 | | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ” бр. 58/00 и 44/02) член 30 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ”бр. 103/08), министерот за образование донесе наставна програма по предметот ***запознавање на околината*** за I одделение за деветгодишно основно образование за учениците со ***аутизам.***

НАСТАВНА ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО
АУТИЗАМ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ОКОЛИНАТА

I ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, мај 2008

## 1. Вовед

Наставата по предметот **запознавање на околината** за учениците со аутизам претставува основа за воведување и развивање на свеста и претставата за: животната средина, нивното место во неа, односите меѓу луѓето, како и закониттостите меѓу луѓето и природата. Знаењата и вештините што учениците треба да ги усвојат во рамките на предметот ќе им им овозможат да ги разберат и да ги почитуваат основните принципи во комуникацијата со околината.

Предметот **запознавање на околината** за учениците со аутизам претставува, на конкретен план, најблиска за нив насока за реализирање на глобалната цел – запознавање со животот и работата во општествениот контекст (почитување на правилата во однесувањето во училиштето, домот и поширокото окружување).

Преку програмското подрачје *Јас и другите* учениците со аутизам имаат можност да стекнат претстава и свест за сопственото постоење, своето место во групата, односот со другите во групата и меѓусебниот однос на другите во групата, можност за стекнување самостојност, сигурност во контактот и комуникацијата и развивање на позитивните емоции, однесувањето и навиките. Во програмското подрачје ***Јас и моето училиште*** учениците со аутизам имаат можност да се запознаат и да ги прифатат карактеристиките, условите и ритмот на активностите и принципите во училиштето. Преку ова програмско подрачје тие треба да ја прифатат визуелната структура на учиницата, средствата и материјалите во неа и да го пронајдат своето место во таа структура. Во рамкте на програмските подрачја *Јас во мојот дом* и *Местото во кое живеам* ќе можат да ги запознаат сите физички карактеристики на домот во кој живеат (изглед и простории во домот, членовите од семејството, нивното место и односите во домот). Тие исто така, ќе имаат можност да се запознаат со местоположбата на својот дом, местото во кое живеат, патот до својот дом и поважните обележја во местото каде што живеат.

Во рамките на програмските подрачја *Јас и природата* и *Јас во сообраќајот* преку набљудување и истражување треба да ја запознаат природата и нејзините „жители", односите меѓу нив, да развиваат позитивни чувства при прошетките и престоите во природа. Преку набљудување и практично вежбање треба да се запознаат со основните правила во сообраќајот, со сообраќајните средства и правилата во однесувањето во сообраќајот.

Преку содржините од предметот тие треба да стекнат и да ја јакнат самодовербата, да развијат вештини за комуникација и размена со околината, да ги развиваат работните навики и позитивните емоции, да ги развиваат перцепциите (особено визуелната и тактилната), ориентацијата во просторот и времето, свеста за себе (како поединец, во групата и во животната средина).

Според наставниот план за предметот зпознавање на околината во I одделение се планирани по 2 часа неделно, односно 72 наставни часа годишно.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД I ДО III ОДДЕЛЕНИЕ:

**Ученикот/ученичката:**

- да ја запознава околината (природната и општествената);
- да го осознава своето окружување (дом, одделение, училиште, крај, Република Македонија);
- да развива свест за сопствената улога и обврски, како и за улогата и одговорностите на другите луѓе во непосредното окружување;
- да развива позитивна слика за себе, самодоверба и самопочит;
- да развива свест за почитување на правилата, општественото живеење и преземање одговорност за своите постапки;
- да се оспособува за набљудување, опишување, истражувачки активности и логичко мислење;
- да се поттикнува за спознавање на живата и неживата природа, идентификување на нивните сличности и разлики, нивната поврзаност и променливост;
- да развива хуман однос кон живите суштества и кон природата воопшто;
- да развива способност за ориентирање во просторот и времето;
- да стекнува сознанија за минатото и сегашноста;
- да се поттикнува да стекнува елементарна сообраќајна култура;
- да се оспособува да се грижи за сопственото здравје и животната околина;
- да се поттикнува на хумани односи меѓу половите и мултикултурно разбирање;
- да се поттикнува љубопитноста за светот што го/ја окружува;
- да се поттикнува да проучува различни видови материјали;
- да се оспособува за користење на информатичката технологија во збогатувањето на искуствата и сознанијата.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО I ОДДЕЛЕНИЕ:

**Ученикот/ученичката:**

- да стекне претстава за себе и деловите на своето тело;
- да стекне свест за себе во рамки на групата;
- да ја открива поврзаноста и зависноста меѓу луѓето, предметите и појавите;
- да се оспособува за набљудување, споредување и заклучување;
- да ја запознае училишната средина;
- да се оспособи да се придржува на визуелната структура на училницата, наставните средства и материјали;
- да се придржува на структурата на дневните активности;
- да го знае своето место во училницата;
- да се запознае со просториите и предметите во својот дом;
- да ги познава членовите од семејството;
- да ги разбира односите меѓу членовите на семејството;
- да се оспособи за правилно и безбедно однесување во домот;
- да се оспособи да води грижа и хигиена за својата облека и обувките;
- да го препознава и да се ориентира во местото на живеење;
- да развива позитивни чувства кон природата;
- да споредува и да утврдува сличности и разлики меѓу предметите и појавите;
- да се поттикнува да ги применува стекнатите знаења во нови ситуации во училиштето и во секојдневниот живот;
- да ги познава растенијата, животните и појавите во природата;
- да ги знае основните правила за безбедно движење во сообраќајот.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ - **ЈАС И ДРУГИТЕ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржина** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да добие претстава за своето тело и неговите делови; | Кој сум јас | -Дете,<br>- глава,<br>- коса,<br>- раце,<br>- нозе,<br>- очи,<br>- уста,<br>- нос. | - Игри пред огледало (покажување на деловите од телото и сл.).<br>- Пее детски песни со анимација на деловите на телото.<br>- Разгледува фотографии: „јас во најразлични ситуации на фотографија"– истражувачки активности за своите постапки.<br>- Симулирање на конкретни проблемски ситуации со можност сам/а да ги реши.<br>- Решава конкретни едноставни работи (собира коцки, реди сликовници, реди столчиња и сл.).<br>- Игровни активности – добива награда после добро завршена работа.<br>- Имитација на чувства - експресии (пантомима, мимика, гестикулација и сл).<br>- Вежби: повторување на постапките за стекнување одредени навики (поздравување, одржување на хигиената, културно однесување и сл.). |
| - да развива способности за набљудување, споредување и заклучување; | | | |
| - да се поттикнува да ги развива мисловните процеси; | | | |
| - да се поттикнува соодветно да реагира на насоките и налозите од наставникот; | | | |
| - да ја развива претставата за себе и да ја јакне самодовербата; | | - Албум,<br>- прави,<br>- браво. | |
| - да се оспособува на соодветен начин да ги манифестира своите потреби; | | | |
| - да се поттикнува да самостојно да извршува одредени активности; | | | |
| - да се ги контролира сопствените емоции; | | - Се лути,<br>- се смее,<br>- тажен/тажна. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да развива позитивни навики: | | | |
| - да воочува разлики и сличности меѓу себе и другите; | Јас со другите | - Другарче,<br>- лични имиња на другите,<br>- голем,<br>- мал,<br>- женско,<br>- машко<br>- боја. | - Симулации, драматизации, социјални игри (за толеранција, игри за доверба по улоги).<br>- Се споредува со другарите, на конкретен план-наоѓа разлики во големина, боја на облека, пол и др.). |
| - да го почитува заедничката улога со другите во игра; | | | |
| - да се оспособува да решава елементарни конфликти со мала помош на возрасните. | | | |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ - **ЈАС ВО МОЕТО УЧИЛИШТЕ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да ја препознава училишната зграда во околината; | Моето училиште | - Нашето училиште,<br>- учител,<br>- училиштен двор.<br><br>- Играчки,<br>- тука,<br>- таму.<br><br>- Ограда,<br>- тоалет, | - Прошетка со учениците во околината на училиштето и набљудувањ е на училишната зграда од сите страни.<br>- Прошетка на учениците низ училиштето, покажување и разгледување на училишните простории и објаснување за што служи секоја од нив.<br>- Уредување на училницата, катчињата, запознавање со играчките и други средства.<br>- Запознавање со местото каде стои и се остава опремата, средствата и материјалите.<br>- Прошетка и движење во училишниот двор допирајќи ја оградата.<br>- Трчање во училишниот двор. |
| - да ја запознае својата училишна средина; | | | |
| - да се поттикнува внимателно и безбедно да се движи во училиштето и училишниот двор; | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да стекне претстава за големината и распространетоста на училишниот двор;<br>- да ги препознава сите простории во училишната зграда;<br>- да ги именува просториите<br>- да се ориентира во училиштето;<br>- да ги знае луѓето/учениците што работат/учат во училиштето; | | - кујна.<br><br>- Каде е,<br>- таму е,<br>- учителка,<br>- готвач,<br>- хигиеничарка.<br><br>- Треба,<br>- не треба. | - Прошетка низ просториите во училиштето, запознавање со нив и активноста што се врши во нив (училници, тоалет, кујна).<br>- Именување на просториите.<br>- Игра:"Криенка" или барање скриен предмет во училиштето.<br>- Комуникација на учениците со другите вработени.<br>- Вежби за ориентирање во училиштето.<br>- Импровизација-драматизација: „Правила за безбедно движење во училиштето". |
| - да ја препознава својата училница;<br>- да се придржува на визуелно-организационата структура во училницата;*<br>- да се придржува на структурната организираност на | Мојата училница*<br><br>(Напомена: учениците со аутизам мора при наставата да имаат визуелно и просторно структуирана училница, бидејќи тие учат на искуствено ниво кое е поврзано со местото на активност) | - Наша училница,<br>- тука,<br>- таму,<br>- пишуваме,<br>- цртаме,<br>- јадеме.<br><br>- Сега, | - Постапки за запознавање со својата училница.<br>- Заедничко обележување на училницата.<br>- Запознавање на учениците со визуелно-организационата структура во училницата* и активности.<br>- Запознавање и воведување на учениците со структурната организираност на средствата и материјалите во наставата* и манипулација со истите.<br>- Манипулација со распоредот на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| средствата и материјалите во наставата;* | (Напомена: Во наставата со учениците со аутизам, средствата и материјалите за работа се структурално поделени според облик, боја и место од каде се земаат и оставааат) | - после,<br>- вчера<br>- денес<br>- утре.<br><br>- Украси,<br>- пееме,<br>- играм. | часови/активности (дневен и неделен).<br>- Истражување со училишниот прибор - именување.<br>- Заедничко украсување на училишните простории.<br>- Импровизиација: „Училиштна приредба”.<br>- Слободни социјални групни игри и активности. |
| - да го препознава и знае своето место во училницата; | | | |
| - да се придржува на структурата на распоредот на денот и неделата; | | | |
| - да го именува и користи училишниот прибор; | | | |
| - да стекне чувство за естетско украсување на училницата; | | | |
| - да се поттикне да придонесува во некои училиштни приредби; | | | |
| - да се воведува во надминување на стереотипиите и стравот од другите. | | | |

## ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ЈАС ВО МОЈОТ ДОМ

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да го препознава патот до својот дом; | | - Дом,<br>- семејство,<br>- членови,<br>- прослави.<br><br>- Броење,<br>- двор,<br>- простории во домот. | - Разгледување на фотографии од својата зграда/куќа.<br>- Цртање: "Мојата куќа".<br>- Разгледува семејни албуми, препознавање, именување и броење на членовите.<br>- Фотографии од заеднички моменти на семејството: излети, годишни одмори, роденденi.<br>- Илустрации на различни простории од домот и именување.<br>- Игри: „Купатило", „Кујна", „Спална соба". |
| - да ја препознава зградата/куќата во која живее; | | | |
| - да стекне претстава за пространетоста на дворот пред својата зграда/куќа; | | | |
| - да ги почитува блиските во семејството и да развива чувство на припадност; | | | |
| - да ги знае начините на користење на слободното време во семејството;<br>- да ги знае и именува сите простории во својот дом; | | | |
| - да ги знае функциите и намената на сите простории во својот дом; | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ги знае и именува предметите и нивната намена во својата соба; | Мојата соба | - Моја соба,<br>- предмети во мојата соба. | - Илустрации на детска соба со сите елементи во неа (именување).<br>- Цртање:"Мојата соба".<br>- Разгледување фотографии од детската соба.<br>- Импровизирано наместување на училницата- игра: „Детска соба". |
| - да ги знае елементите и намената на тоалетот/бањата; | Во бањата | - Бања,<br>- елементи во бања,<br>- миење,<br>- бањање. | - Илустрации на бања со сите елементи во неа (именување).<br>- Манипулација со играчки (елементи од бања) - цртање.<br>- Цртање:"Бања".<br>- Разгледување фотографии од бањата.<br>- Вежбање конкретни постаки од бањата. |
| - да ги знае и именува елементите, приборот и намената на кујната; | Кујна и трпезарија | - Кујна,<br>- елементи во кујна,<br>- готвење,<br>- прибор за јадење,<br>- трпезарија<br>- јадење. | - Игра: „Во кујна".<br>- Манипулација со играчки (елементи од кујна).<br>- Разгледување каталози од кујна.<br>- Спарување на елементи во кујна.<br>- Импровизација: готвење, миење садови.<br>- Импровизација: „јадење".<br>- Манипулација и именување на прибор за јадење.<br>- Имитација на држење на телото при јадење на маса во трпезарија.<br>- Цртање: елементи од кујна, прибор за јадење, трпезарија. |
| - да го знае и именува приборот за јадење и неговата намена; | | | |
| - да се оспособи за правилно однесување на трпеза и самостојно јадење; | | | |
| - да ја знае намената на електричните апарати во домот и безбедно ракување со нив; | Безбедност во домот и електрични апарати | | - Манипулација со играчки (електрични апарати).<br>- Импровизација со употреба на гест и мимика за презентирање на опасна ситуација при користење на електрични апарати: изгореници, пожар и сл.<br>- Илустративно обележување на слики за правилно и неправилно користење на електрични апарати.<br>- Престојување на тераса/балкон. |
| - да ги препознава изворите на опасност во домот; | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - правилно и безбедно да се однесува на терасата; | | | - Импровизација со употреба на гест и мимика за презентирање на опасна ситуација при неправилно однесување на тераса.<br>- Илустративно обележување на слики за правилно и неправилно однесување на тераса.<br>- Цртање: електрични апарати. |
| - да ги препознава и именува деловите на телото;<br>- да ги знае, препознава и именува деловите од облеката;<br>- да се оспособи за самостојно облекување и соблекување;<br>- да се оспособи за самостојно обување и собување на обувките;<br>- да се оспособи да ја одржува облеката чиста; | Мојата облека и обувки | - Деловите на моето тело,<br>- делови од облеката,<br>- обувки,<br>- облекување-соблекување,<br>- обување-собување. | - Игри пред огледало (покажување на деловите од телото и сл.).<br>- Именување на деловите на телото.<br>- Практично разликување на делови од облеката (капа, блуза, панталони, чевли и др.).<br>- Разликување на делови од облеката: илустрација.<br>- Практично разликување на видовите обувки (влечки, чизми, чевли и др.);.<br>- Практично разликување „чиста и нечиста облека”.<br>- Вежби за самостојно облекување и соблекување делови од облеката.<br>- Вежби за самостојно обување и собување;<br>- Практично средување на облеката и обувките.<br>- Цртање: делови од облеката и обувки |
| - да се оспособи да одржува хигиена во домот; | Чисто и нечисто | - Чиста и нечиста | - Практично разликување: „чиста и нечиста средина”.<br>- Илустративно разликување: „чиста и нечиста |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да стекне хигиенски навики (миење раце, лице, врат, заби); | | средина,<br>- чистење на просторија.<br><br>- Лична хигиена,<br>- тоалетен прибор. | средина".<br>- Практични активности: „чистење на просторијата".<br>- Илустративна демонстрација : „ постапки за лична хигиена" ( миење заби, миење лице, миење раце, чешлање).<br>- Практично именување и користење на секој елемент од сопствениот тоалетен прибор: (четка за заби, сапун, паста, чешел, крпа за лице, крпа за раце).<br>- Цртање: елементи од тоалетниот прибор. |
| - да се оспособи за употреба на својот тоалетен прибор; | | | |
| - да се придржува на ритмот на активностите во домот во текот на денот/неделата. | | | |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: **МЕСТОТО ВО КОЕ ЖИВЕАМ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржина** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се поттикнува да го запознае местото во кое живее (село, град); | Каде живеам | Град, село.<br><br>-Пошта,<br>- амбуланта,<br>- средства за работа, работна облека.<br>- Стари градби, носии, стари предмети, музеј, играчки во минатото.<br><br>Татковина, знаме, химна. | - Учествува во организирани прошетки во околината,набљудува, разговара, црта објекти што ги познава.<br>- Илустрации: „Еден ден во амбуланта" "Поштар" и др.<br>- Посетува и набљудува вработени во пошта, амбуланта, а потоа ги црта нивните средства за работа.<br>- Практична имитација и презентација: „амбуланта".<br>- Ја слуша химната на Република Македонија, го разгледува и илустрира македонското |
| - да се запознае со позначајните објекти во непосредната околина; | | | |
| - да се запознае со објектите-обележја за распознавање на селото/град; | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ја именува својата татковина, да ги препознава знамето и химната; | | | знаме. |
| - да се поттикнува чувство на припадност и љубов кон својата татковина. | | | |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: **ЈАС И ПРИРОДАТА** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да знае имиња на некои растенија и животни;<br>- да препознава, именува одредени плодови;<br>- да препознава и именува, овошје и зеленчук;<br>- да се запознава со некои карактеристики на домашните животни;<br>- да се поттикнува на одговорнен и хуман однос кон домашните миленичиња; | Растенија<br><br>Животни | | - Набљудување, именување и набројување растенија и животни во блиската околина.<br>- Набљудување дрвја и собирање плодови.<br>- Сечење слики на плодови од списанија.<br>- Јадење на плодови.<br>- Илустрација: „Овошје''.<br>- Илустрација: „Зеленчук''.<br>- Цртање: „Овошје и зеленчук''.<br>- Илустрација: „Домашни животни''.<br>- Сечење слки на домашни животни од списанија.<br>- Имитација на звуци од домашните животни.<br>- Именување на домашни животни и миленичиња.<br>- Цртање:„Домашни животни''. |
| - да се запознава со некои промени и појави во природата низ одделните годишни времиња;<br>- да има претстава за основните временски периоди: ден и ноќ. | Појави во природата | | - Набљудување на појави во природата (сонце, облак, дожд, снег, ветер).<br>- Илустрација на одредени појави.<br>- Цртање: дожд,сонце, облак.<br>- Сечење слики: сонце, облак од списанија.<br>- Драматизација:"Ние на дожд, сонце, ветер".<br>- Игра:"ноќ-ден" преку: светлосни промени, покривање на очите и др. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: **ЈАС ВО СООБРАЌАЈОТ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се запознава со сообраќајот од домот до училиштето; | Како се однесувам во сообраќајот | | - Илустрација и драматизација: сообраќајот во непосредната околина, симулација на движења; игри со користење на детски играчки-сообраќајни средства, изработени од картон, готови изработки и др.<br>- Запознавање на патот од дома до училиште и набројување на објектите кои секојдневно ги гледа, набљудување на сообраќајот.<br>- Симулирање опасни ситуации во собраќајот.<br>- Играње на места обележани со сообраќаен знак.<br>- Правилно преминување преку улица.<br>- Симулирање на движења во училишниот двор, игри со употреба на сирени, труби, интегрирано со движења.<br>- Набљудување на семафор со три светла и поминување улица каде има семафор.<br>- Симулација: „Поминување преку пешачки премин”.<br>- Драматизација: „Сообраќај со сообраќаен полицаец”. |
| - да ги запознае местата каде е дозволено да се игра и како се обележани; | | | |
| - да ја запознае улогата на светлосната сигнализација на семафорот; | | | |
| - да ја разбира улогата на сообраќајниот полицаец во регулирањето на сообраќајот. | | | |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

- ***Насоки за меѓупредметно поврзување:***

При реализацијата на предметот запознавање на околината во наставата за учениците со аутизам, треба се постигне корелација и интегрирање со сите предмети кои се изучуваат во првото одделение од деветтолетката.

Потребно е при реализацијата на целите и наставните содржини, од страна на наставникот да се изготвуваат ***неделни индивидуални планови*** за целите и содржините кои треба да се реализираат, а на крајот од неделата да се направи индивидуална евалуациона постапка,за секој ученик поединечно, поткрепена со ***индивидален евалуационен извештај***.

- ***Препораки за користење на годишниот фонд на часови:***

За секое предвидено подрачје е предложен определен годишен фонд на часови, односно:

- **Јас и другите-10 часа;**
- **Јас во моето училиште- 8 часа;**
- **Јас во мојот дом-24 часа;**
- **Местото во кое живеам-12 часа;**
- **Јас и природата-8 часа;**
- **Јас во сообраќајот-10 часа.**

Од предвидениот вкупен фонд на часови по програмски подрачја, дозволени се отстапувања во согласност со *можноста на ученикот за усвојување на одредени конкретни цели.*

***Методи, форми и средства на наставната работа***

За сите програмски подрачја, предвидени за предметот запознавање на околината во наставата за учениците со *аутизам*, се препорачува користење и нужно комбинирање на сите интерактивни, актуелни и современи методи и форми. Посебен приоритет да се стави на дефектолошките методи и приоди предвидени со начелата за третман за ученици со (Belgrade integrative method, SMM method, Lowaas method, Teach method, Montesorri method, Daily threatment method,, Holding approach method, Highashi method, ABBA method итн.).

***Индивидуален приод во наставната работа***

Потребно е приспособување на наставната работа кон развојните и индивидуалните потреби на учениците. Имено, потребна е примена на техники и стратегии кои го преферираат индивидуалниот приод во реализацијата на наставната работа со учениците.

- ***Вклучување на родителите во наставната работа***

Семејството е претставува примарана образовно-тераписка средина на децата и најважен фактор во детскиот развој. Во тој контекст, во реализацијата на целите, содржинте и активносите од наставниот предмет запознавање на околината треба да се обезбеди **кооперативна комуникација со родителите на учениците и нивно вклучување во работата на училиштето,** во функција на: практицирање и увежбување на одредени програмски содржини во домашна/семејна средина што ученикот ги стекнал во училиште, информираност на родителот за текот на развојот на ученикот, соработка со наставникот, практична настава во природа, излети, планинарења, настава во отворена средина(сообраќај) заедно со наставникот во соработка со наставникот унапредување на образовниот систем во образованието на ученикот.

- ***Наставни средства:***

- За реализација на наставната работа по предметот **може да се користи секој дидактички материјал** (учебници предвидени за редовната популација, работни тетратки, прирачници, логички игри, наставни ливчиња, помошни средства за учење на држење на молив, сликовници и др.).
- **Извори на учење во непосредната околина**: ресурсите од окружувањето кои ќе се набљудуваат, објекти од културен, едукативен, јавен и услужен вид (продавница, кино, театар, библиотека, автобуска станица и сл.), комуникациски и односни ситуации меѓу луѓето во училиштето, во семејството и во окружувањето, училиштна средина, природна средина (излети, прошетки), средина на сообраќај.
- **Енциклопедии за деца во издание на популарни и верифицирани издавачки куќи** со тематика од предметов.
- **Компјутерски образовни софтвери** за богатење на говорните способности- **toolkid-програмата и други верифицирани мултимедиски ЦД** со соодветни едукативни игри.
- **Традиционално потврдени, одобрени и верифицирани списанија за деца, соодветни на возраста.**
- **Литература за деца од познати македонски и странски детски писатели (која содржински, естетски и вредносно одговара на возраста на учениците)** кои одговараат на содржините од предметот.
- **Аудиовизуелни, аудитивни, визуелни средства и средства со кинетички својства:** ТВ-програми, детски емисии, анимирани и играни филмови за деца со математички содржини; видеокасети, ДВД и ЦД со анимирани содржини за пејсажи, училиште,

мојот град, мојот дом, сообраќај.; аудиокасети; апликации, слики, макети; подвижни предмети со звучни ефекти и други предмети во зависност од потребите на предметот.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

### *ДИЈАГНОСТИЧКО ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ*

Во почетокот на учебната година наставникот врши дијагностичко проверување и оценување во функција на квалитетното планирање и реалзирање на идните активности. Се спознаваат предзнаењата во најширока смисла на зборот, социјализациските аспекти на развојот, емоционалнот развој, физичкиот развој. Исто така, во текот на учебната година наставникот врши евалуација на наставниот процес, ефикасноста на наставата и развојот на учениците.

### *ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ*

Во текот на наставата по запознавање на околината во првото одделение се препорачува формативно следење кое вклучува изработка и водење на портфолио на учениците што опфаќа:

- Собирање на показатели (детски изработки, творби, тетратки, цртежи, снимени материјали со презентација на знаењето и однесувањето на учениците во природа, училиште, домот... и сл.) за секој ученик посебно.
- Тековни (формативни), однапред подготвени, евалуациски листи за секој ученик, кои се пополнуваат по секоја негова конкретна активност, која е специфична (позитивна или негативна) или студии на случај во кои наставникот ја бележи фактичката состојба.
- Инструменти кои се однесуваат на секое програмско подрачје поединечно. Во нив, наставникот внесува **податоци за постигнувањата на ученикот во однос на сите развојни аспекти** кои се поттикнуваат со програмата по Запознавање на околината (когнитивно-интелектуален, социоемоционален, социјален и психомоторички аспект). ***Евалуациските листи примарно се однесуваат на целите кои целосно се постигнуваат на нивото на првото одделение и не се преодни за повисокото одделение.***

### *МИКРОСУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ*

*На крајот од второто тромесечје, врз основа на сознанијата од формативното оценување, се реализира микросумативното оценување кое се претставува со* ***микросумативен извештај/ оценка за ученикот.***

***СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ***

Врз основа на целокупните податоци добиени од следењето и формативното оценување, наставникот ја констатира (опишува) развојната состојба на секој ученик поединечно, во рамките на секое програмско подрачје.

***ДОСТАПНОСТ И ПРООДНОСТ НА ПОРТФОЛИОТО***

- Портфолиото во текот на целата година треба да им е достапно на родителите за да може и тие да придонесат во квалитетната реализација на наставата по предметот запознавање на околината.
- Завршната, аналитичко-описна оцена се доставува, исто така, до родителите и станува дел од портфолиото на ученикот.
- Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци продолжува во наредното, повисоко одделение.

***НАЧИНИ НА ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ***

Во согласност со природата на програмата по предметот запознавање на околината во првото одделение за ученици со аутизам, во која основен аспект се става на поттикнувањето и развојот на претставата и свеста за себе и сопственото тело, за себе во групата, домот, сообраќајот и во отворената средина, опкружувањето и секојдневието, проверувањето и оценувањето се врши: усно, практично, со помош на практично извршување на одредени задачи,периодично следење, споредување на усвоеното знаење со контролен период и.т.н.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и на наставните средства за I одделение донесен од страна на министерот за образование и наука..

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно образовната работа во прво одделение може да ја изведува лице кое завршил:

- Филозофски факултет – Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- Дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 9. НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ОКОЛИНАТА ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ДОНЕСЕНА НА 21. О6. 2007 ГОДИНА СО РЕШЕНИЕ БР. 10-1009/2, ЗА ПОТРЕБИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ СО АУТИЗАМ ЈА АДАПТИРАШЕ КОМИСИЈАТА ВО СОСТАВ:

1. Марија Симонова, советник, Биро за развој на образованието – Скопје
2. Спасе Додевски, дефектолог ОУ„Сандо Масев'' - Струмица

## 10. РЕШЕНИЕ И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по запознавање на околината за прво одделение во деветгодишното основно образование за учениците со аутизам ја донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-1961/3
02.10 2008 год.
СКОПЈЕ

---------------------------------------------
Перо Стојановски,
министер за образование и наука

Скопје ____________________________